# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**12.06.2024 год.** **Бр.VII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 45-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 11.06.2024 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 45-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 11.06.2024 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.09-567/1 од 12.06.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 45-та седница, одржана на 11.06.2024 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 44-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 29.05.2024 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).
**Бр.08-543/3 од 11.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 23 од Законот за угостителската дејност („Сл.весник на РМ” бр.62/04; 89/08; 115/10; 53/11; 141/12; 164/13; 187/13; 166/14; 199/14; 129/15; 192/15; 39/16; 53/16 и 71/16 и „Сл.весник на РСМ„ бр.31/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 11.06.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**
Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на подрачјето на Општина Крушево.

**Член 2**
Работното време на угостителските објекти се продолжува за 2 (два) часа на 05, 06 и 07 јули 2024 година, петок и сабота и недела по повод When in Krusevo.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-543/4 од 11.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 11.06.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на проектот**
**Изградба на улица во с.Саждево со краци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Крушево да учествува со кофинансирање во имплементацијата на проектот **Изградба на улица во с.Саждево со краци со финансиски средства во износ до 395.129,00 денари.**

**Член 2**

Општина Крушево во имплементацијата на проектот ќе кофинансира финансиски средства во износ до 395.129,00 денари, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општината за 2024 година.

**Член 3**

Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија согласно договор бр.03-437/1 од 09.04.2024 година за финансирање на проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година за проектот : "Изградба на улица во с.Саждево со краци" додели средства во износ од 8.500.000 (осум милиони и петстотини иљади) денари.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево".

**Бр.08-543/6 од 11.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 11.06.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на проектот**
**Набавка на опрема за осветлување и озвучување на сцена**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Крушево да учествува со кофинансирање во имплементацијата на проектот **Набавка на опрема за осветлување и озвучување на сцена со финансиски средства во износ до 320.000,00денари.**

**Член 2**

Општина Крушево во имплементацијата на проектот ќе кофинансира финансиски средства во износ до 320.000,00 денари, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општината за 2024 година.

**Член 3**

Министерството за култура на Република Северна Македонија согласно договор бр.03-172/2 од 01.02.2024 година за користење на средства за капитални дотации во областа на културата за 2024 година за проектот : "Набавка на опрема за осветлување и озвучување на сцена" ќе учествува во имплементацијата на проектот со средства во износ од 1.899.900,00 денари.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево".

**Бр.08-543/7 од 11.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 11.06.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на проектот**
**Изработка на техничка документаицја за реконструкција на градски пазар во Крушево со воведување на мерки за енергетска ефикасност**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Крушево дава согласност за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Крушево во проектот **“Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2”**за кофинансирање на изработка на **техничка документација за реконструкција на градски пазар со воведување на мерки за енергетска ефикасност**.

**Член 2**

Вкупната вреднос на проектот од член 1 на оваа Одлука изнесува 1.153.846,00 денари.

Општина Крушево ќе учествува во проектот со сопствено кофинансирање во износ до 300.000,00 денари или 26% од вкупната вредност на проектот за финансирање на техничката документација.

Член 3

**Проектот “Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2”** за финансирање на **техничка документација за„Реконструкција на градски пазар со воведување на мерки за енергетска ефикасност„**ќе биде аплициран до **UNDP,** за добивање на средства од **Втор повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти.**

Член 4

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе бидат обезбедени и исплатени од Буџетот на Општина Крушево за 2024 година.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-543/8 од 11.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3; член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 3 и член 94 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 11.06.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на „ Стратегија за локален економски развој на Општина Крушево за 2024-2027 година“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува „ Стратегија за локален економски развој на Општина Крушево за 2024-2027 година“.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е интегралниот текст на „Стратегија за локален економски развој на Општина Крушево за 2024-2027 “.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-543/9 од 11.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ’’ бр.5/2002), член 158 став 1 од Законот за основното образование (“Сл.весник на РСМ” бр.161/19 и 229/20) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 11.06.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на блок-дотацијата на ООУ “Никола Карев” Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на ООУ “Никола Карев” Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 1.000.000,00 (еден милион) денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат за исплата на средства за превоз на ученици и набавка на дрва.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-543/10 од 11.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20 и бр.111/23), член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став (1) точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево” бр.1/07, бр.16/14, бр.7/19 и бр.7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 11.06.2024 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**
**ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Во ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2024 ГОДИНА бр.08-64/8 од 18.01.2024 година, се вршат измени и дополнувања:

Во точка 5, ставот 5.1. се изменува и дополнува и гласи:

5.1. Урбанистички проекти во граница на плански опфат на Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.

Во точка 5, после став 5.13 се дополнува нов став 5.14 и гласи:

5.14. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Д3 – спорт и рекреација на зелени површини – Полетиште за параглајдери на м.в. Црн врв КО Крушево вон град, општина Крушево

Границата на планско-проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



2. Оваа програма за измена и дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2024 ГОДИНА бр.08-64/8 од 18.01.2024 година.

**Бр.08-543/11 од 11.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Согласно член 44 став (7) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20 и бр.111/23), а решавајќи по Предлогот за одобрување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Д3 – спорт и рекреација на зелени површини – Полетиште за параглајдери на м.в. Црн врв КО Крушево вон град, општина Крушево, тех.бр.18/24 од мај 2024 година, со бр.21-528/3 од 11.06.2024 година, поднесен од страна на Комисијата за урбанизам од општина Крушево од член 38 став (7) од Законот за урбанистичко планирање(„Службен весник на РСМ" бр.32/20 и 111/23), Градоначалникот на општина Крушево го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Д3 – спорт и рекреација на зелени површини – Полетиште за параглајдери на м.в. Црн врв КО Крушево вон град, општина Крушево**

На инвеститорот **Општина Крушево**, со адреса на седиште на ул. „Никола Ѓурковиќ" бр.16А, Крушево му **се одобрува** **ПРОЕКТНА ПРОГРАМА - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Д3 – спорт и рекреација на зелени површини – Полетиште за параглајдери на м.в. Црн врв КО Крушево вон град, општина Крушево, тех.бр.18/24 од мај 2024 година**, изработена од страна на Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА, Скопје.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инвеститорот Општина Крушево, со адреса на седиште на ул. „Никола Ѓурковиќ" бр.16А, Крушево, достави барање за одобрување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Д3 – спорт и рекреација на зелени површини – Полетиште за параглајдери на м.в. Црн врв КО Крушево вон град, општина Крушево, тех.бр.18/24 од мај 2024 година.

Кон барањето достави:

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Д3 – спорт и рекреација на зелени површини – Полетиште за параглајдери на м.в. Црн врв КО Крушево вон град, општина Крушево, тех.бр.18/24 од мај 2024 година (*dwg* и *pdf*) формат.
2. Записник од 3-та седница на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Крушево /2024 година/ одржана на ден 10.06.2024 година со бр. 20-529/6.
3. Предлог за одобрување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Д3 – спорт и рекреација на зелени површини – Полетиште за параглајдери на м.в. Црн врв КО Крушево вон град, општина Крушево, бр.21-528/3 од 11.06.2024 година, поднесен од страна на Комисијата за урбанизам од општина Крушево.

По разгледувањето на приложената документација и предлогот за одобрување од Комисијата за урбанизам на општина Крушево, се констатира дека се исполнети законските услови за донесување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Д3 – спорт и рекреација на зелени површини – Полетиште за параглајдери на м.в. Црн врв КО Крушево вон град, општина Крушево, тех.бр.18/24 од мај 2024 година, изработена од страна на изработена од страна на Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА, Скопје и се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението на градоначалникот на општината, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до органот на државната управа надлежен за вршење на работите на уредување на просторот.

Доставено до:
-Барателот
-Архива

**Бр.21-528/4 од 12.06.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр. стр.**
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 45-та седница на Советот на Општина Крушево … 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 44-та седница на Советот на Општина Крушево …....... 1
3. Одлука за продолжување на работно време на угостителските објекти ....................................... 1
4. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2024 година ... 1
5. Одлука за кофинансирање на проектот Изградба на улици во с.Саждево со краци .......................... 2
6. Одлука за кофинансирање на проектот Набавка на опрема за осветлување и озвучување на сцена ....................................................................................2
7. Одлука за кофинансирање на проектот Изработка на техничка документација за реконструкција на градски пазар во Крушево со воведување на мерки за енергетска ефикасност .. 3
8.Одлука за усвојување на „Стратегија за локален економски развој на Општина Крушево за 2024 - 2027 година“ .......................................................... 3
9. Одлука за дополнување на блок-дотација на ООУ „Никола Карев“ Крушево ........................... 4
10. Програма за измена на програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година ......................................... 4
11. Решение за одобрување на Проектна Програма-Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Д3-спорт и рекреација на зелени површини-Полетиште за параглајдери на м.в. Црн врв КО Крушево вон град, Општина Крушево ................ 5

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.